# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 225** **31 октомври 2019, четврток** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 3516. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за акцизите................ | 2 |
| 3517. | **Одлука** за давање согласност за статусна промена присоединување помеѓу Јавно претпријатие Колекторски систем Скопје и МЈП Проаква Струга (РЕ Колектор Струга)... | 3 |
| 3518. | **Правилник** за начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите................ | 4 |
| 3519. | **Правилник** за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка..................... | 4 |
| 3520. | **Правилник** за формата и содржината на записникот од отворањето на понудите....................................... | 20 |
| 3521. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог........ | 24 |
| | **Огласен дел**..................................... | 1-52 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3516.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 31 октомври 2019 година.

Бр. 08-5794/1
31 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКЦИЗИТЕ

Член 1

Во Законот за акцизите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 143/19) во членот 64 став (2) по зборовите: „чистиот алкохол“ се додаваат зборовите: „за меѓупроизводите“.

Член 2

Во член 88 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) По исклучок од став (4) на овој член, рачно произведените пури може да се продаваат како единечен производ само доколку се продаваат непосредно од оригиналното пакување кое содржи повеќе од една пура и истото е обележано со акцизна марка која мора да биде прекината при отворањето, така што серискиот број на акцизната марка треба да остане видлив.“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 3

Во членот 118 став (1) точка 13) зборовите: „член 88 став (5)“ се заменуваат со зборовите: „член 88 став (6)“.

Член 4

Во членот 122 насловот се менува и гласи:

„Регистрирање и пререгистрирање на акцизни обврзници“.

Во ставот (1) по зборовите: „од овој закон“ се додаваат зборовите: „и да достават барање за пререгистрација“.

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) зборовите: „став (2)“ се заменуваат со зборовите: „став (1)“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) При пререгистрација на акцизните обврзници, усогласувањето на постоечките мерни уреди кај имателите на акцизни дозволи, пропишани во членот 62 став (2), членот 64 став (2) и членот 65 став (3) од овој закон, ќе се врши во рок од една година сметано од 1 јануари 2020 година.“.

Член 5

(1) Започнатите постапки за поднесени барања за планирање и подигање на акцизните марки до отпочнување на примената на овој закон ќе се завршат согласно Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 и 120/18).

(2) Акцизните обврзници кои до денот на отпочнување на примената на овој закон поднеле барање за планирање и подигање на акцизни марки согласно со Законот за акцизите („Службен весник на Република Македонија“ број 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 и 120/18), акцизните марки можат да ги подигнат најдоцна до 31 март 2020 година.

Член 6

Производителот или увозник на тутун за водено луле (тутун за наргиле), тутун за џвакање, тутун за шмркање и несогорлив тутунски производ како и течноста за полнење на електронска цигара, независно дали содржи или не содржи никотин, месечните потреби за планирани количини од акцизни марки за месец јануари 2020 година ги пријавува до надлежниот царински орган од 1 декември до 10 декември 2019 година, согласно со овој закон.

Член 7

Економските оператори кои во големопродажни или во малопродажни објекти заклучно со 31 декември 2019 година имаат затечена залиха на непродадени количини на течност за полнење на електронски цигари согласно извршен попис можат да бидат во слободен промет необележани со акцизни марки до 31 март 2020 година.

Член 8

Одредбата од членот 87 став (22) од Законот за акцизите* („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19 и 143/19) ќе отпочне да се применува од 1 декември 2019 година.

Член 9

Одредбата од членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19) ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

Член 10

Во членовите 2 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19) датата „1 ноември 2019 година“ се заменува со датата „1 јануари 2020 година“.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR AKCIZA**

Neni 1

Në Ligjin për akciza* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 108/19 dhe 143/19) në nenin 64 paragrafi (2) pas fjalëve: “alkool i pastër” shtohen fjalët: “për nënprodhime”.

Neni 2

Pas nenit 88 pas paragrafit (4) shtohet paragraf i ri (5), si vijon:

"(5) Me përjashtim nga paragrafi (4) i këtij neni, purot e prodhuara me dorë mund të shiten si prodhim i vetëm, vetëm nëse shiten drejtpërdrejt nga paketimi origjinal që përmban më shumë se një puro dhe e njëjta është e shënuar me pullë të akcizës që doemos duhet të ndërpritet gjatë hapjes, ashtu që numri serik i pullës së akcizës duhet të mbetet i dukshëm.".

Paragrafi (5) bëhet paragraf (6).

Neni 3

Në nenin 118 paragrafi (1) pika 13) fjalët: “neni 88 paragrafi (5)” zëvendësohen me fjalët: “neni 88 paragrafi (6)”.

Neni 4

Në nenin 122 titulli ndryshohet si në vijim:

“Regjistrimi dhe riregjistrimi i detyrësve të akcizës”.

Në paragrafin (1) pas fjalëve: “të këtij ligji” shtohen fjalët: “dhe të dorëzojnë kërkesë për riregjistrim”.

Paragrafi (2) shlyhet.

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragraf (2) fjalët: “paragrafi (2)” zëvendësohen me fjalët: “paragrafi (1)”.

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Gjatë riregjistrimit të detyrësve të akcizës, harmonizimi i pajisjeve ekzistuese matëse te poseduesit e lejeve të akcizës, të përcaktuara në nenin 62 paragrafi (2), nenin 64 paragrafi (2) dhe nenin 65 paragrafi (3) të këtij ligji, do të kryhet në afat prej një viti duke llogaritur nga 1 janari 2020.”.

Neni 5

(1) Procedurat e filluara për kërkesat e parashtruara për planifikim dhe tërheqje të pullave të akcizës deri në fillimin e zbatimit të këtij ligji, do të përfundojnë në përputhje me Ligjin për akciza ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 dhe 120/18).

(2) Detyrësit e akcizave të cilët deri në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji kanë parashtruar kërkesë për planifikim dhe tërheqje të pullave të akcizës në pajtim me Ligjin për akciza ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 32/2001, 50/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 24/11, 55/11, 135/11, 82/13, 43/14, 167/14, 188/14, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 171/17 dhe 120/18), pullat e akcizës mund t’i tërheqin më së voni deri më 31 mars 2020.

Neni 6

Prodhuesi ose importuesi i duhanit të llullës së ujit (duhan për nargjile), duhan për përtypje, duhan për thithje dhe prodhimit të duhanit të padjegshëm si dhe lëngut për mbushjen e cigarës elektronike, pavarësisht nëse përmban ose nuk përmban nikotinë, nevojat mujore për sasitë e planifikuara të pullave të akcizave për muajin janar 2020 i paraqet te organi kompetent doganor nga 1 dhjetori deri më 10 dhjetor 2019, në pajtim me këtë ligj.

Neni 7

Operatorët ekonomikë të cilët në objektet për shitje me shumicë ose shitje me pakicë përfundimisht me 31 dhjetor 2019 kanë rezervë të hasur të sasive të pashitura të lëngut për mbushje të cigareve elektronike në pajtim me regjistrimin e kryer, mund të jenë në qarkullim të lirë të pashënuara me pulla të akcizës deri më 31 mars 2020.

Neni 8

Dispozita nga neni 87 paragrafi (22) të Ligjit për akciza* (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 108/19 dhe 143/19) do të fillojë të zbatohet nga 1 dhjetori 2019.

Neni 9

Dispozitat nga neni 1 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për akciza (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 143/19) do të zbatohet nga 1 janari 2020.

Neni 10

Në nenet 2 dhe 4 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për akciza ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 143/19) data "1 nëntor 2019" zëvendësohet me datën "1 Janar 2020".

Neni 11

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut”.

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3517.**

Врз основа на член 11 точка 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018 и 35/2019), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 октомври 2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СТАТУСНА ПРОМЕНА ПРИСОЕДИНУВАЊЕ ПОМЕЃУ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ СКОПЈЕ И МЈП ПРОАКВА СТРУГА (РЕ КОЛЕКТОР СТРУГА)**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на статусна промена присоединување помеѓу Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје и МЈП Проаква Струга (РЕ Колектор Струга), согласно Одлуката за усвојување на Спогодбата за статусна промена присоединување помеѓу Јавното претпријатие Колекторски систем Скопје

и МЈП Проаква Струга (РЕ Колектор Струга), бр.02-22/4 од 18.10.2019 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 18.10.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8246/1
29 октомври 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**3518.**

Врз основа на член 109 став (11) од Законот за јавните набавки(*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/19), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПРАВКА НА АРИТМЕТИЧКА ГРЕШКА ВО ФАЗАТА НА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на исправка на аритметичка грешка во фазата на евалуација на понудите.

Член 2

Доколку комисијата утврди дека постојат аритметички грешки, исправка се врши на следниот начин:

1) кадешто има неусогласености на износот изразен во зборови и броеви, преовладува износот изразен во зборови, освен ако износот е поврзан со аритметичка грешка;

2) доколку има неусогласености помеѓу единичната цена и вкупната цена, а вкупната цена е резултат на множење на единичната цена и количината, во тој случај преовладува единичната цена, а вкупната цена ќе се коригира, освен ако не постои очигледно поместување на децималната запирка во единичната цена, при што во таков случај важи наведената вкупна цена, а единичната цена ќе се коригира;

3) доколку има грешка во вкупниот износ што соодветствува на додавањето или одземањето на меѓувредностите, преовладува меѓувредноста, а вкупниот износ ќе се коригира и

4) во случај на несовпаѓање помеѓу цената внесена на Електронскиот систем за јавни набавки и цената внесена во образецот на понудата, за валидна се смета цената внесена во образецот на понуда и ќе се измени цената внесена во Електронскиот систем за јавни набавки.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-8389/2
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.

---

**3519.**

Врз основа на член 111 став (5) од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19), министерот за финансии донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка.

Член 2

Извештајот од спроведената постапка се води на образец кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Извештајот од спроведената постапка се пополнува по завршување на евалуацијата на понудите.

Полињата во Извештајот од спроведената постапка се пополнуваат врз основа на податоците кои се генерираат и внесуваат во Електронскиот систем за јавни набавки во текот на спроведувањето на постапката за јавна набавка.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/08, 155/10 и 162/14).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-8390/2
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.

## ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА ПОСТАПКА[1]

**1. Договорен орган (назив и адреса):**
**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
**3. Предмет на јавна набавка:**
**4. Проценета вредноста на набавката:**
**5. Вид на постапка за јавна набавка:**
**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:**
**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**
**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**
**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**
**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**
**10. Услови за учество/ недостатоци поради кои понудите ќе се отфрлат[2]**
По разгледување на понудите кои се предмет на евалуација комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи содржат недостатоци поради кои нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација на понудите:

| Ред. бр. | Понудувач | Образложение за причините |
|---|---|---|
| | | |

**11. Услови за утврдување на способност**
**11.1 Во согласност со член 88 од Законот за јавни набавки, Комисијата изврши проверка на причините за исклучување од постапката**
**Листа на понудувачи кои ќе бидат исклучени од постапката поради тоа што им е објавена негативна референца до истекот на крајниот рок за поднесување на понудите[3]:**

| Ред. бр. | Понудувач |
|---|---|
| | |

**11.2 Проверка на доставените документи за утврдување на способност**
**11.2.1. Понудувач[4]:**

| Групна понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Подизведувачи (ДА/НЕ) (листа на подизведувачи) | Поддршка (ДА/НЕ) (листа на субјекти) |
|---|---|---|
| | | |

| Документ за утврдување на способност - изјава[5] | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| изјава за докажување на способност | |

| Причини за исклучување од постапката/документи | Доставен и валиден (ДА/НЕ) |
|---|---|
| изјава на економскиот оператор дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, затајување на даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористичи активности, перење пари и финансирање тероризам | |

[1] Во постапките кои се спроведуваат во повеќе фази овој образец (од точка 1 до точка 14) се однесува и на Извештај за оценување на способноста на кандидатите
[2] Како недостатоци се сметаат: непотпишана понуда, недоставени и/или невадидни: банкарска гаранција, изјава за сериозност и договор за поднесување на групна понуда
[3] Листата на понудувачи со негативна референца е автоматски генерирана од Електронскиот Систем за јавни набавки. Проверката на негативна референца за подизведувач или субјект кој дава поддршка се врши мануелно на ЕСЈН од страна на комисијата за ЈН
[4] Соодветните табели се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии понуди се разгледуваат
[5] Се пополнува во случај на докажување на способноста со изјава кај поедноставена отворена постапка

| | |
|---|---|
| и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе | |
| потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган | |
| потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган | |
| потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде што економскиот оператор е регистриран | |
| потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство | |
| потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност | |
| потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност. | |

| **Услови за квалитативен избор/документи**[6] | **Валиден (ДА/НЕ)** | | |
|---|---|---|---|
| **Способност за вршење на професионална дејност** | | | |
| документ за регистрирана дејност, или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. | | | |
| останати документи за докажување на способноста за вршење на професионална дејност | | | |
| | | **Исполнетост на минималните услови** | |
| | | **Минимален услов** | **Исполнува (ДА/НЕ)** |
| **Економска и финансиска состојба** | | | |
| **Техничка или професионална способност** | | | |

| **Стандарди за системи за квалитет и стандарди за управување со животната средина /документи** | **Доставен и валиден (ДА/НЕ)** |
|---|---|
| стандарди за системи за квалитет | |
| стандарди за управување со животната средина | |

**Објаснување за невалидноста на доставените документи и/или објаснување за исклучување од постапката во случаи наведени во член 88, став (2), точка (ѓ), и/или во член 88, став (4)**[7]

| |
|---|
| |

***Комисијата од овој понудувач побара да ги појасни/дополни документите за утврдување на способност кои не се јасни/не се комплетни,** ***(доколку документите се комплетни и валидни наведеното се брише)***

12. Врз основа на извршената проверка на приложените документи за способност на понудувачите/кандидатите и дополнително побараните објаснувања, комисијата заклучи дека следните понудувачи/кандидати не ги доставиле потребните документи/по барањето од комисијата не ги

[6] Се пополнуваат условите/документите кои се наведени во тендерската документација. Полињата се пополнуваат автоматски за оние позиции кои се селектирани на ЕСЈН при објавата на огласот

[7] Се пополнува за секој невалиден документ или исклучување - доколку има

појасниле/дополниле документите/не ги исполниле условите за утврдување на способност наведени во тендерската документација и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите/до нив нема да биде доставена писмена покана за поднесување на првична понуда/понуда во следната фаза од постапката:

| Ред. бр. | Понудувач/Кандидат | Образложение за неутврдување на способноста на понудувачот/кандидатот |
|---|---|---|
| | | |

**13. Комисијата утврди дека понудите на следниве понудувачи се предмет на понатамошна евалуација/Комисијата ја изготви следнава листа на кандидати до кои договорниот орган ќе достави покана за поднесување на понуди во следната фаза:**

| Ред. бр. | Понудувач/Кандидат | Дел/делови од предметот на набавката на кој се однесува понудата/пријавата за учество |
|---|---|---|
| | | *(реден број на дел/делови)* |

**14. Критериум за избор на најповолна понуда**[8]

1. ☐ Цена
2. ☐ Најдобар соодност меѓу цена и квалитет
   ____________ (____)
   ____________ (____)
   ____________ (____)
3. ☐ Трошоци со користење на пристап на исплатливост
   ____________ (____)
   ____________ (____)
   ____________ (____)

**14.1 Начин на распределба на бодовите (образложение)**

| |
|---|
| |

**15. Разгледување на техничките понуди на понудувачите**

15.1. Комисијата ги разгледа техничките понуди на понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации.

15.2 Понудувач[9]:

| Ред. бр. | Понудено во техничките спецификации (краток опис/марка, бренд или ознака) | Дали се исполнети условите и барањата од техничките спецификации? |
|---|---|---|
| | (*Се наведуваат ставките од техничката спецификација*) | ДА/НЕ |

15.3 Врз основа на проверка на приложените технички понуди, комисијата заклучи дека понудите на следниве понудувачи не се во согласност со дефинираните технички карактеристики на предметот на јавна набавка, барањата и условите од техничките спецификации, како и во однос на условите за извршување или функционални карактеристики на предметот на јавна набавка наведени во тендерската

[8] Доколку се избрани критериумите под 2 и 3 договорниот орган задолжително ги наведува елементите со максималните бодови и го објаснува начинот на кој ќе бидат распределени бодовите
[9] Точка 15.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи чии технички понуди се разгледуваат.

документација, и со тоа нивните понуди нема да се разгледуваат во понатамошната постапка на евалуација на понудите:

| **Ред. бр.** | **Понудувач** | **Образложение за неприфатливоста на техничката понуда или дел од предметот на јавна набавка** |
|---|---|---|
| | | |

**16. Разгледување на финансиските понуди на понудувачите**

16.1 Комисијата ги разгледа следниве финансиски понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерската документација:

**16.2 Дел од предметот на јавна набавка[10]:**

| Понудувач | Понудена цена | Цена по извршени исправки на аритметички грешки | Цена со даден попуст | Други финансиски услови |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

**16.3** Врз основа на проверка на приложените финансиски понуди во поглед на цената, соодветните финансиски и други услови од понудата, комисијата утврди дека следниве понуди се неприфатливи:

| **Ред. бр.** | **Понудувач** | **Образложение за неприфатливоста на финансиската понуда или дел од предметот на јавна набавка** |
|---|---|---|
| | | |

17. По целосна евалуација на способноста и на првичните понуди на понудувачите, комисијата предлага следниве понудувачи да се поканат да учествуваат во електронската аукција (доколку како крајна фаза се спроведува електронска аукција)

**17.1 Дел од предметот на јавна набавка[11]:**

| **Понудувач** | **Почетна цена** | **Почетен ранг** |
|---|---|---|
| | | |

**18. Конечно бодување и рангирање на понудите**

**18.1. Дел од предметот на јавна набавка[12]:**

| Ред. бр. | Понудувач | Критериум | Бодови | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | Елемент 1<br>Елемент 2<br>Елемент 3<br>.... | | |

**19. Предлог за избор на најповолна понуда/Предлог за поништување на постапката**

[10] Точка 16.2 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови со понудувачи чии финансиски понуди се разгледуваат.
[11] Точка 17.1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови од предметот на јавна набавка кои се евалуирани.
[12] Точка 18.1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има делови од предметот на јавна набавка кои се евалуирани.

19.1 Комисијата согласно член 49, став (4) побара доставување на документите за утврдување способност:[13]

| Ред. бр. | Понудувач | Документи за докажување на способност<br>Валидни (ДА/НЕ)<br>Објаснување за невалидноста на доставени документи |
|---|---|---|
| | | |

19.2 Врз основа на извршеното конечно бодување и рангирање на понудите, комисијата го доставува следниов предлог за избор на најповолна понуда / Врз основа на извршената евалуација на пристигнатите пријави за учество/понуди, комисијата го доставува следниов предлог за поништување на постапката:

| Дел/делови | Понудувач | Законски основ и причини за поништување на постапката |
|---|---|---|
| | | |

**20. Комисијата согласно член 101, став (9) дава предлог за издавање на негативна референца на понудувачот/ите:**

**21. Комисија за јавни набавки**

| | СОСТАВ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|
| 1 | Претседател (или заменик) | | |
| 2 | Член (или заменик) | | |
| 3 | Член (или заменик) | | |
| ... | | | |

[13] Се пополнува во случај на поедноставена отворена постапка

## ПРИЛОГ А – ИЗЈАВА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА/ БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА

### 1. Проверка на доставени Изјави за сериозност на понудата

| Ред. бр. | Понудувач | Доставена и валидна изјава (ДА/НЕ) Објаснување за невалидноста |
|---|---|---|
| | | |

### 2. Проверка на доставени Банкарски гаранции

<table>
<tr><th colspan="9">Проверка на исполнетоста на условот за доставување банкарска гаранција на понудата</th></tr>
<tr><th rowspan="2">Ред. бр.</th><th rowspan="2">Понудувач</th><th colspan="2">Барана вредност на банкарската гаранција во тендерската документација</th><th rowspan="2">Доставена банкарска гаранција</th><th rowspan="2">Банка која ја издава банкарската гаранција</th><th colspan="2">Вредност на доставената банкарска гаранција</th><th rowspan="2">Дали вредноста на доставената банкарска гаранција е во рамки на бараното</th></tr>
<tr><th>Процент</th><th>Износ</th><th colspan="2">Износ</th></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td>ДА/НЕ</td><td></td><td></td><td></td><td>ДА/НЕ</td></tr>
</table>

**ПРИЛОГ Б – ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОТ НА ЕЛЕКТРОНСКАТА АУКЦИЈА[1]**

[1] **Овој извештај автоматски го генерира ЕСЈН**

## ПРИЛОГ В - ДОПОЛНИТЕЛНО ПОБАРАНИ ПОДАТОЦИ, ОБЈАСНУВАЊА, ДОКУМЕНТИ И ДОКАЗИ

1. Дел од текот на постапката (фаза од постапката) за јавна набавка во кој договорниот орган бара од понудувачот/кандидатот да достави дополнително објаснување, документи и докази и по кој основ од Законот за јавни набавки:

________________________________________________________________.

2. Барани објаснувања за невообичаено ниска цена (ДА/НЕ):

| Побарани дополнителни податоци, објаснувања, документи и докази | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Понудувач/кандидат | Опис на побараните дополнителни податоци, објаснувања, документи, докази за оправдување на цената | Доставено во предвидениот рок | Образложение за прифатливоста/ причини за неприфатливоста на објаснувањето и доказите |
| | | | | |

**ПРИЛОГ Г - ФАЗА НА ДИЈАЛОГ СО ИЗБРАНИТЕ КАНДИДАТИ ПО СПРОВЕДЕНАТА ФАЗА НА ПРЕТКВАЛИФИКАЦИЈА ВО ПОСТАПКА НА КОНКУРЕНТЕН ДИЈАЛОГ**

1. Во фазата на дијалог учествуваат следниве кандидати:

| Ред. бр. | Кандидат | Број на одржани состаноци |
|---|---|---|
| | | |

2. Број на спроведени последователни фази:

3. Записниците од водените разговори во фазата на дијалог во постапката на конкурентен дијалог со секој од избраните кандидати се дадени во прилог на извештајот и се негов составен дел.

4. Врз основа на водените разговори со избраните кандидати во фазата на дијалог во постапката на конкурентен дијалог договорниот орган го идентификуваше најсоодветното решение кое одговара на потребите на договорниот орган согласно описната документација. Договорниот орган констатира дека фазата на дијалог со избраните кандидати со тоа е завршена и за тоа ги информираше избраните кандидати во фазата на преткавлификација и до истите достави покани за поднесување на понуди во рок од ________ (дена) да поднесат понуда врз основа на избраното решение во фазата на дијалог

5. Предвидени награди или исплати за учесниците во дијалогот (ДА/НЕ):

**ПРИЛОГ Д- ФАЗА НА ПРЕГОВАРАЊЕ ВО ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ СО/БЕЗ ПРЕТХОДНО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС/КОНКУРЕНТНА ПОСТАПКА СО ПРЕГОВАРАЊЕ**

1. Постапката се спроведува по добиено мислење од Бирото за јавни набавки[1]: (ДА/НЕ)
Број на добиено мислење:______________________

2. Во фазата на преговарање учествуваат следниве кандидати:

| Ред. бр. | Кандидати | Број на одржани состаноци |
|---|---|---|
| | | |

3. Број на спроведени последователни фази на преговори[2]:

4. Записниците од водените преговори со секој од избраните кандидати се дадени во прилог на извештајот и се негов составен дел.

5. Врз основа на водените преговори со избраните кандидати во фазата на преговарање видно од записниците истите изјавија дека нивната првична понуда не може повеќе да се подобри. Договорниот орган по извршената евалуација на најповолната техничка и финансиска понуда ќе побара од кандидатот кој понудил најповолни услови во текот на преговорите и чија што понуда е најдобро рангирана, резултатот од преговорите да го потврди со поднесување на конечна понуда која е дадена во прилог.

[1] Се пополнува доколку постапката се спроведува по соодветен основ од Законот за јавни набавки
[2] Се пополнува во случај на конкурентна постапка со преговарање

## ПРИЛОГ Ѓ- ФАЗА НА ПРЕГОВАРАЊЕ ВО ПОСТАПКА СО ПАРТНЕРСТВО ЗА ИНОВАЦИИ

1. Во фазата на преговарање учествуваат следниве кандидати:

| Ред. бр. | Кандидати | Број на одржани состаноци |
|---|---|---|
| | | |

2. Број на спроведени последователни фази на преговори:

3. Записниците од водените преговори и последователни фази се дадени во прилог на извештајот и се негов составен дел.

4. Врз основа на водените преговори со избраните кандидати во предвидените фази видно од записниците, истите изјавија дека нивната првична понуда не може повеќе да се подобри.

5. Договорниот орган по извршената евалуација на најповолната техничка и финансиска понуда ќе побара од кандидатот кој понудил најповолни услови во текот на преговорите и чија што понуда е најдобро рангирана, резултатот од преговорите да го потврди со поднесување на конечна понуда која е дадена во прилог.

## ПРИЛОГ Е- КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ И ПОДИЗВЕДУВАЧИ

1. Користење на способност од други субјекти

| Ред. бр. | Понудувач | Дали користи способност од други субјекти (ДА/НЕ) | Способноста на други субјекти се користи во делот на: | Дали постојат причини за исклучување на субјектот/ите чија способност се користи (ДА/НЕ) | Дали субјектот/ ите чија способност се користи ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | ☐ економска и финансиска состојба<br>☐ техничка и професионална способност | | |

2. Користење на подизведувач при извршувањето на договорот за јавна набавка

| Ред. бр. | Понудувач | Дали понудувачот користи подизведувач (ДА/НЕ) | Дел од договорот за јавна набавка кој ќе биде доделен на подизведувач | Дали постојат причини за исклучување на подизведувачот/ ите (ДА/НЕ) | Дали подизведувачот/ите ги исполнува/ат потребните услови за квалитативен избор (ДА/НЕ) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**ПРИЛОГ Ж- ПОНУДЕНИ АЛТЕРНАТИВНИ ПОНУДИ**

**1. Понудувач[1]:**

| Дел | Опис на алтернативната понуда, односно алтернативното понудено техничко решение |
|---|---|
| | |

Точка 1 и соодветната табела се повторуваат онолку пати колку што има понудувачи кои поднеле алтернативни понуди.

**ПРИЛОГ 3**

**Извештај на надворешните стручни лица ангажирани во работата на комисијата во врска со техничките, финансиските и другите работи при евалуација на понудите**

**1. Договорен орган (назив и адреса):**
**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
**3. Предмет на јавна набавка:**
**4. Проценета вредноста на набавката:**
**5. Вид на постапка за јавна набавка:**
**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:**
**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**
**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**
**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**
**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**

**Потпис на надворешниот член на комисијата**

**ПРИЛОГ S**

**Забелешки од членовите на комисијата кои не се согласуваат со предлогот за избор на најповолна понуда**

**1. Договорен орган (назив и адреса):**
**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
**3. Предмет на јавна набавка:**
**4. Проценета вредноста на набавката:**
**5. Вид на постапка за јавна набавка:**
**6. Постапката се спроведува како групна набавка*:**
**(*Се пополнуваат ДО кои се дел од групната набавка):**
**7. Членови на комисијата за јавна набавка:**
**8. Надворешни стручни лица (ДА/НЕ):**
**9. Постапка за резервиран договор (ДА/НЕ):**

| Забелешки на членот на комисијата кој не се согласува со предлогот за избор на најповолна понуда[1] | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | Место во комисијата | Датум на доставување и потпис |
| | | |
| Дадени забелешки | | |
| | | |

**Потписи на членовите на комисијата**

________________
________________
________________

[1] Табелата се повторува онолку пати колку што има членови на комисијата кои имаат забелешки на предлогот за избор на најповолна понуда.

**3520.**

Врз основа на член 108 став (10) од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19), министерот за финансии донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ЗАПИСНИКОТ ОД ОТВОРАЊЕТО НА ПОНУДИТЕ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на записникот од отворањето на понудите.

Член 2

Записникот од отворањето на понудите се води на образец кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката на отворањето на понудите и образецот за водење на записник за отворањето на понудите („Службен весник на Република Македонија” бр. 154/07).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-8391/2
25 октомври 2019 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Нина Ангеловска,** с.р.

ПРИЛОГ

## Образец на записник од отворањето на понудите

**1. Договорен орган (назив и адреса):**
**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
**3. Предмет на јавна набавка:**
**4. Проценета вредноста на набавката:**
**5. Датум, време и место на отворањето на понудите:**
**6. Членови на комисијата за јавна набавка:**
**Претседател на комисија:**
**Член на комисија:**
**Член на комисија:**
**7. Овластените претставници на понудувачите се наведени во евидентниот лист во прилог**
**8. Вкупен број на примени понуди[1]:**
**9. Поднесени понуди[2]:**

| **Ред.бр.** | **Понудувач** | Групна понуда (ДА/НЕ) (листа на членови на група) | Гаранција на понудата и износ на гаранцијата /Изјава за сериозност |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

**10. Забелешки на овластените претставници на понудувачите:**
________________________________________________________________________________
_______________________________________________________________.

**11. Други податоци што се читаат согласно со тендерската документација:**

**Записникот е изработен на __________ година.**

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**
**Претседател на комисија:**
**Член на комисија:**
**Член на комисија:**

---

[1] Во случај постапката да не се спроведува преку ЕСЈН, по исклучок во Законот за јавни набавки, се неведува број на задоцнети/изменети/повлечени понуди
[2] Приказ на понудените цени е даден во табела во прилог

## Табела со понудени цени

**Предмет на набавката/Дел од предметот на набавката[3] :**

| **Опис** | **Понудувач** |
|---|---|
| Назив на понудувачот | |
| Валута на понудата | |
| Вкупна цена (без ДДВ ) | |

[3] Табелата се повторува онолку пати колку што има делови за кои има поднесено понуди

## Евидентен лист на овластени претставници на понудувачите

**1. Договорен орган (назив и адреса):**
**2. Евидентен број на огласот за јавна набавка (на ЕСЈН):**
**3. Предмет на јавна набавка:**
**4. Проценета вредноста на набавката:**
**5. Датум, време и место на отворањето на понудите:**
**6. Членови на комисијата за јавна набавка:**
**Претседател на комисија:**
**Член на комисија:**
**Член на комисија:**

| Бр. | Име и презиме на овластениот претставник | Назив на понудувачот | Потпис |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| ... | | | |

**Потпис на членовите на комисијата за јавна набавка:**

**Претседател на комисија:** ___________________
**Член на комисија:** ___________________
**Член на комисија:** ___________________

## АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**3521.**

Врз основа на член 190-а став (5) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр.14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на прекршочниот платен налог („Службен весник на Република Македонија“ бр. 218/16), Прилозите 1, 2 и 3 се заменуваат со нови Прилози 1, 2 и 3 кои се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-1317/3
24 октомври 2019 година
Скопје

Директор на Агенцијата
за цивилно воздухопловство,
д-р **Томислав Тунтев,** с.р.

**Прилог 1**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО / CIVIL AVIATION AGENCY**

Врз основа на член 190-а став (1) од Законот за воздухопловство, воздухопловниот инспектор издава
According to Article 190-a (1) from the Aviation Act, the Aviation inspector has issued

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ / OFFENCE PAYMENT WARRANT**
**(за правно лице / for legal entity)**

**бр./No. ___________ од/from____.____.20____**

**А. Податоци за правното лице / Data for the legal entity**

| | |
|---|---|
| **Назив**<br>**Name** | |
| **Даночен број**<br>**Taxation Number** | |
| **Седиште на фирмата**<br>**Principal place of business** | |
| **Жиро сметка и деловна банка**<br>**Transaction account and bank** | |

**Б. Податоци за сторен прекршок / Data for the committed offence**

| | |
|---|---|
| **Место, датум и време на сторување на прекршокот**<br>**Place, Date and Time of the committed offence** | |
| **Опис на прекршокот**<br>**Description of the offence** | |
| **Правна квалификација на прекршокот**<br>**Legal qualification of the offence** | |
| **Записник за сторен прекршок**<br>**Minutes for the committed offence** | |
| **Износ на утврдена глоба за прекршокот**<br>**Amount of the offence fine** | |
| **Банкарска сметка за плаќање на глобата**<br>**Bank Account for payment of the fine** | НЛБ Банка АД Скопје, цел на дознака – уплата на глоба<br>ПП 30 образец, на сметка бр. 210-066486490175<br>NLB TUTUNSKA BANKA A.D. SKOPJE<br>Mother Teresa 1, Skopje, North Macedonia<br>IBAN Code: MK07210712000000310 SWIFT: TUTNMK22 |

***ПРАВНА ПОУКА / LEGAL REMEDY:***
Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.
The offender has to pay the fine in the amount specified in this Offence Payment Warrant within 8 days from the date of the receipt, on the account specified in this Offence Payment Warrant and to submit payment evidence to the inspector who issued the warrant. The offender who will pay the fine within 8 days from the date of the receipt, will pay only half of the specified amount. If the offender fails to pay the fine within 8 days from the date of the receipt, the inspector will initiate offence court procedure.

| Сторител на прекршок/Offender | М.П.<br>L.S. | Инспектор/Inspector |
|---|---|---|
| ____________________________<br>име, презиме и потпис/name, surname and signature | | ____________________________<br>име, презиме и потпис/name, surname and signature |

**Прилог 2**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО / CIVIL AVIATION AGENCY**

Врз основа на член 190-а став (1) од Законот за воздухопловство, воздухопловниот инспектор издава
According to Article 190-a (1) from the Aviation Act, the Aviation inspector has issued

ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ / OFFENCE PAYMENT WARRANT
**(за одговорно лице во правно лице/ for the responsible person within the legal entity)**

**Бр./No. ___________ од/from_____._____.20_____**

**А. Податоци за одговорното лице во правно лице / Data for the responsible person within the legal entity**

| | |
|---|---|
| **Име, татково име и презиме**<br>**Name, Father name and Surname** | |
| **ЕМБГ**<br>**ID Number** | |
| **Датум, место, држава на раѓање и државјанство**<br>**Date, place, state of birth and nationality** | |
| **Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа**<br>**Number and date of issue of the ID Card/Passport** | |

**Б. Податоци за правното лице / Data for the legal entity**

| | |
|---|---|
| **Назив**<br>**Name** | |
| **Даночен број**<br>**Taxation Number** | |
| **Седиште на фирмата**<br>**Principal place of business** | |
| **Жиро сметка и деловна банка**<br>**Transaction account and bank** | |

**В. Податоци за сторен прекршок / Data for the committed offence**

| | |
|---|---|
| **Место, датум и време на сторување на прекршокот**<br>**Place, Date and Time of the committed offence** | |
| **Опис на прекршокот**<br>**Description of the offence** | |
| **Правна квалификација на прекршокот**<br>**Legal qualification of the offence** | |
| **Записник за сторен прекршок**<br>**Minutes for the committed offence** | |
| **Износ на утврдена глоба за прекршокот**<br>**Amount of the offence fine** | |
| **Банкарска сметка за плаќање на глобата**<br>**Bank Account for payment of the fine** | НЛБ Банка АД Скопје, цел на дознака – уплата на глоба<br>ПП 10 образец на сметка бр. 210-066486490175<br>NLB TUTUNSKA BANKA A.D. SKOPJE<br>Mother Teresa 1, Skopje, North Macedonia<br>IBAN Code: MK07210712000000310 SWIFT: TUTNMK22 |

***ПРАВНА ПОУКА/ LEGAL REMEDY:***
Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.
The offender has to pay the fine in the amount specified in this Offence Payment Warrant within 8 days from the date of the receipt, on the account specified in this Offence Payment Warrant and to submit payment evidence to the inspector who issued the warrant. The offender who will pay the fine within 8 days from the date of the receipt, will pay only half of the specified amount. If the offender fails to pay the fine within 8 days from the date of the receipt, the inspector will initiate offence court procedure.

| | | |
|---|---|---|
| **Сторител на прекршок/Offender** | **М.П.** | **Инспектор/Inspector** |
| ______________________________ | **L.S.** | ______________________________ |
| име, презиме и потпис/name, surname and signature | | име, презиме и потпис/name, surname and signature |

**Прилог 3**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО / CIVIL AVIATION AGENCY**

Врз основа на член 190-а став (1) од Законот за воздухопловство, воздухопловниот инспектор издава
According to Article 190-a (1) from the Aviation Act, the Aviation inspector has issued

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ / OFFENCE PAYMENT WARRANT**
**(за физичко лице/for physical person)**

**бр./No. ___________ од/from _____._____.20_____**

**А. Податоци за физичко лице / Data for the physical person**

| | |
|---|---|
| **Име, татково име и презиме**<br>**Name, Father name and Surname** | |
| **ЕМБГ**<br>**ID Number** | |
| **Датум, место, држава на раѓање и државјанство**<br>**Date, place, state of birth and nationality** | |
| **Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа**<br>**Number and date of issue of the ID Card/Passport** | |

**Б. Податоци за сторен прекршок / Data for the committed offence**

| | |
|---|---|
| **Место, датум и време на сторување на прекршокот**<br>**Place, Date and Time of the committed offence** | |
| **Опис на прекршокот**<br>**Description of the offence** | |
| **Правна квалификација на прекршокот**<br>**Legal qualification of the offence** | |
| **Записник за сторен прекршок**<br>**Minutes for the committed offence** | |
| **Износ на утврдена глоба за прекршокот**<br>**Amount of the offence fine** | |
| **Банкарска сметка за плаќање на глобата**<br>**Bank Account for payment of the fine** | НЛБ Банка АД Скопје, цел на дознака – уплата на глоба<br>ПП 10 образец на сметка бр. 210-066486490175<br>NLB TUTUNSKA BANKA A.D. SKOPJE<br>Mother Teresa 1, Skopje, North Macedonia<br>IBAN Code: MK07210712000000310 SWIFT: TUTNMK22 |

***ПРАВНА ПОУКА / LEGAL REMEDY:***
Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до инспекторот кој го издал прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.
The offender has to pay the fine in the amount specified in this Offence Payment Warrant within 8 days from the date of the receipt, on the account specified in this Offence Payment Warrant and to submit payment evidence to the inspector who issued the warrant. The offender who will pay the fine within 8 days from the date of the receipt, will pay only half of the specified amount. If the offender fails to pay the fine within 8 days from the date of the receipt, the inspector will initiate offence court procedure.

| **Сторител на прекршок / Offender** | М.П.<br>L.S. | **Инспектор / Inspector** |
|---|---|---|
| ______________________________<br>име, презиме и потпис / name, surname and signature | | ______________________________<br>име, презиме и потпис / name, surname and signature |

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019225